Туристичка Агенција ТУРИСТ
ул. Крали Марко бр.16 / Битола
Телефон:+389 47 202 777 / Факс: + 389 47 202 776
Моб: +389 70 202 777
Број за итни случаи: +389 70 307 999

mail: turist@turist.com.mk
web: www.turist.com.mk

# ПРАГА-КАРЛОВИ ВАРИ-ДРЕЗДЕН-ВИЕНА ЗНП

Магична, мистична, прекрасна се само дел од атрибутите кои Прага, главната престолнина на Република Чешка, со сигурност ги заслужува. Сместена во срцето на Европа, плени со својата специфична архитектонска традиција, а воедно претставува и значајна раскрсница на која се среќаваат уметници и научници од целиот свет. Како популарна туристичка дестинација, Прага со гордост го зазема шестото место најпосетувани европски градови.

Програма

**1 ден: четврток (17.04.2025) СКОПЈЕ – ПРАГА**
Состанок на групата во 11:30 часот на Дрводекор, поаѓање за Прага во 12:00 ч.
Патување преку Србија и Унгарија. Дневно и ноќно возење со попатни паузи и царински формалности.

**2 ден: петок (18.04.2025) ПРАГА**
Пристигнување во Прага во пладневните часови. Факултативен панорамски и пешачки разглед на градот со водич: Горниот град- Храдчани, Катедралата Св. Вито, Златната улица, Карловиот мост, плоштадот на Малтешките витези, споменикот на Карло IV, Кралскиот пат, Еврејската четврт, Париската улица, Староместанскиот плоштад, Астрономскиот часовник-Орлој, Тинската црква, споменикот на Јан Хус, куќата на Франц Кафка, Прашната кула, Универзитетот на Карло четврти, Вацлавскиот плоштад, Националниот музеј. Слободно време. Сместување во хотел. Слободно индивидуално време. Ноќевање.

**3 ден: сабота (19.04.2025) ПРАГА - ДРЕЗДЕН - ПРАГА**
Појадок. По појадокот предвидено е крстарење на реката Влтава. Крстарење кое нема да ве остави рамнодушни, преубаво искуство каде одблизу ќе можат да се видат сите оние готски згради кои ја прават Прага една од најубавите градови во Европа. По крстарењето се упатуваме на факултативен излет во прекрасниот Дрезден. Денеска главен град на покраината Саксонија. Основан уште во 600г. пне. на обалата на реката Елба. Карактеристичен, прекрасен Саксонски стил во архитектурата – богатсво на прекрасни градби, како остатоци од некогашното Кралство Саксонија. Стариот дел од градот е слика на богатото и славно минато: Палатата Звингер, седиште на многу музеи со преку 2000 уметнички слики, прекрасна нео-ренесансна градба, прекрасната Готска Богородична црква – Frauenkirche, Кралската палата – денеска државен музеј каде се чува Зелениот трезор, Палатата Ташенбер (денешен хотел Кемпински), Августовиот мост на “Фиренца на Елба“ како што се споредува денешен Дрезден . Излет кој нема да ве остави рамнодушни. Враќање во Прага. Слободно време. Ноќевање.

**4 ден: недела (20.04.2025) ПРАГА – КАРЛОВИ ВАРИ – ПРАГА:**
По појадокот предлагаме излет до најпознатиот бањски центар во Чешка и омиленото место на европската аристократија – Карлови Вари, град во кој ќе посакате да останете. Посета на деветнаесет извори и прекрасните неоренесансни колонади. Можност да ги погледнете надалеку познатите производи од порцелан, стаклото Мозер, ликерот Бекеровка како и музејот на Бекеровка. Слободно време за индивидуални активности. Во договорено време враќање во хотел. Ноќевање.

**5 ден: понеделник (21.04.2025) ПРАГА – ВИЕНА – СКОПЈЕ:**
Појадок. После појадокот, напуштање на хотелот и поаѓање за Виена со попатна пауза во шопинг центарот во Знојмо. Панорамски разглед на рингот: Плоштадот Рингштрасе, Операта, Парламентот, Музејот на модерната уметност, градската палата, Универзитетот, Катедралата Св. Стефан, Зимскиот дворец Хофбург. Слободно време за индивидуална прошетка и во договорено време поаѓање за Скопје.

6 ден: вторник (22.04.2025) МАКЕДОНИЈА
Пристигнување во Скопје во пладневните часови на 22.04.2024 (вторник).

Промо цена 199 € со задолжителен пакет 110 €
Редовна цена : 239 € по лице

**Во цената е вклучено:**
Превоз на наведената релација
3 ноќевања со појадок во хотел H. Sport 3* (https://hotel-sport.cz/en/home/)
Организиран разглед на Виена
Придружник на патувањето
Организација на аранжманот

**Бесплатен трансфер од Битола, Прилеп, Црна Река (Сирково), Велес**

**Во цената не е вклучено:**
Разглед на Прага со локален водич 15 €
Факултативен излет на Карлови Вари 35 €
Факултативен излет на Дрезден 45 €
Крстарење по реката Влтава 25 €
Задолжителна туристичка такса 2.5€ по лице по ноќевање
Патничко осигурување

Туристичка Агенција ТУРИСТ
ул. Крали Марко бр.16 / Битола
Телефон:+389 47 202 777 / Факс: + 389 47 202 776
Моб: +389 70 202 777
Број за итни случаи: +389 70 307 999
mail: turist@turist.com.mk
web: www.turist.com.mk

Your partner in travel

**Доплати:**
За еднокреветна соба се доплаќа дополнителни 70% од аранжманот
Дете до 11,99 со двајца возрасни плаќа 80% од аранжманот
Во случај на еден возрасен и едно дете до 11,99г детето плаќа 100%

**Напомени:**
За реализација на аранжманот потребен е миниум од 40 патници во спротивно организаторот може да ја откаже турата до пет дена пред тргнувањето
За резервација задолжителна е уплата од 30% доплата најдоцна 10 дена пред поаѓање
За патување потребен е валиден биометриски пасош со важност мин. 6 месеци од денот на патувањето
Доколку патникот сака да резервира одредено седиште, при уплатата во агенцијата може да доплати 10 € по лице и да бира седиште, освен првите два реда (за персоналот)
Патниците се должни за цело време траење на патувањето да внимаваат на својата безбедност и на безбедноста на цела група и да ги почитуваат правилата и препораките дадени од страна на водичот.
Во случај на недоволен број на патници/промена на работни саати на локалот којшто е предвиден да се посетува организаторот смее да направи промена или отказ на факултативите на лице место
За овој аранжман важат општите услови на патување на СКТМ и ТУРИСТ